**1804.**

Врз основа на член 7 став (7), член 8 став (6) и член 9 став (3) од Законот за неевидентирани лица во матичната книга на родените („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20), министерот за правда донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА УПИС ВО ПОСЕБНАТА МАТИЧНА КНИГА НА РОДЕНИТЕ, ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ПОСЕБНА МАТИЧНА КНИГА НА РОДЕНИТЕ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ИЗВОДОТ ОД ПОСЕБНАТА МАТИЧНА КНИГА НА РОДЕНИТЕ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ИЗВОДОТ ОД ПОСЕБНАТА МАТИЧНА КНИГА НА УМРЕНИТЕ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ИЗВОД ОД ПОСЕБНАТА МАТИЧНА КНИГА НА УМРЕНИТЕ И НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ НА ИЗВОД ОД ПОСЕБНАТА МАТИЧНА КНИГА НА УМРЕНИТЕ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за упис во посебната матична книга на родените; формата, содржината и начинот на водење на посебната матична книга на родените, формата и содржината на изводот од посебната матична книга на родените, формата и содржината на изводот од посебната матична книга на умрените, формата и содржината на барањето за издавање извод од посебната матична книга на умрените и начинот на издавање на извод од посебната матична книга на умрените.

Член 2

Барањето за упис во посебната матична книга на родените е во формат А4, во бела боја на основа со логото на Управата за водење на матичните книги кој е дадено во Прилог бр.1-А и 1-Б, кое е составен дел на овој правилник.

Член 3

Посебната матична книга на родените е проширена и укоричена со нумерирани страници и е дадена во Прилог број 3 кој е составен дел на овој правилник.

Од страна на Управата за водење на матичните книги се заверува матичната книга, пред почетокот на запишувањето на податоците во неа.

Член 4

Посебната матична книга на родените содржи:

1) податоци за раѓањето на детето, и тоа: име и презиме; пол на детето; час, ден, месец, година и место на раѓањето на детето и евиденционен број;

2) податоци за родителите на детето, и тоа: име и презиме (за мајката и моминското презиме); ден, месец, година и место на раѓањето; националност; државјанство; матичен број; живеалиште и адреса на станот;

При запишување на раѓање во соодветната рубрика од посебната матична книга на родените се запишува личното име кое лицето го добило со раѓањето, а во рубриката "Забелешки” се става забелешка за евентуална исправка на личното име и забелешка за другите лични состојби (брак, посвојување, старателство и др.).

Ако при запишувањето на раѓањето во матичната книга на родените таткото на детето е непознат, рубриката предвидена за внесување на податоците на таткото не се пополнува, а во рубриката "Забелешки” се запишува "Податоците за таткото не се запишани".

Член 5

Извод од посебна матична книга на родените е со големина 21 x 30 см, изработен од специјална хартија од целулоза, памук, мелирани влакненца видливи и невидливи за голо око, заштитени со воден жиг на рајски птици и четворократна хемиска заштита со сериски број нумериран од осум карактери, и е даден во Прилог број 5, кој е составен дел на овој правилник.

Член 6

Барањето за упис во посебната матична книга на умрените е во формат А4, во бела боја на основа со логото на Управата за водење на матичните книги кој е даден во Прилог бр.2 кое е составен дел на овој правилник.

Член 7

Извод од посебна матична книга на умрените е со големина 21 x 30 см, изработен од специјална хартија од целулоза, памук, мелирани влакненца видливи и невидливи за голо око, заштитени со воден жиг на рајски птици и четворократна хемиска заштита со сериски број нумериран од осум карактери, и е даден во Прилог број 6, кој е составен дел на овој правилник.

Член 8

Изводот од посебната матичната книга на родените и изводот од посебната матична книга на умрените се издава по претходно поднесено барање според запишувањето извршено во книгата со соодветната забелешка.

Член 9

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 01-1548/1
19 мај 2020 година
Скопје

Министер за правда,
д - р **Рената Дескоска**, с.р.